


# Соработник за бизнис и техничка анализа и развој на софтвер
## Business and technical analysis and software development associate

**Дирекција за Информатичка Технологија**
**Оддел за Анализа и Развој на Софтвер**

**Локација: СКОПЈЕ**

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**35 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност, кредибилитет**
**и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

- Анализа и имплементација на барања од бизнис корисници
- Развој и оптимизација на бази на податоци и скрипти во SQL Server (T-SQL)
- Работа и развој за банкарскиот систем како и сателитски апликации за подршка
- Поддршка и решавање на проблеми во тест и продукциски околини
- Автоматизација на процеси, извештаи и интеграции
- Управување со задачи преку JIRA, комуникација со внатрешни тимови и добавувачи
- Активно учество во SDLC: анализа, развој, тестирање, пријавување и следење на барања и багови
- Развој на .NET / C# решенија: десктоп, веб и API апликации
- Познавање и примена на безбедносни стандарди, DevOps практики, CI/CD, и контрола на верзии, итн.

## Кои квалификации се потребни

- Високо образование во областа на информатички науки и компјутерско инженерство
- Минимум 3 години работно искуство со SQL Server и T-SQL
- Практично искуство со C# и .NET – развој на API, веб или десктоп
- Познавање на SDLC, способност за работа низ цел животен циклус на развој и имплементација на софтверски решенија и користење алатки наменети за тоа
- Способност за анализа на барања, подготовка на документација и техничко имплементирање
- Солидно ниво на комуникациски вештини, аналитичко и структурирано размислување
- Добро разбирање на ИТ архитектури: монолитни, микросервисни, API дизајн, MQ

**Се смета за предност ако кандидатот поседува:**

- Искуство со банкарски софтвер, особено Asee решенија
- Искуство со сложени компаниски системи како на пример core banking, document management, CRM, AML, JIRA, process management, DWH, BI. Reporting, MQ, кредитни системи и слично
- Искуство со Azure DevOps или GIT source control, build/release pipelines, work items,…
- Познавање на архитектури на системи (монолит, микросервиси, API, client-server, messaging,…)
- Искуство со интеграција на системи, автоматизација, low-code алатки, роботи и API дизајн
- Искуство со тестирање, поддршка на продукција, анализа и следење на тикети преку JIRA
- Работа со добавувачи, технички естимации, пријавување и следење на проблеми, процеси и проекти

## Профил на кандидатот

Очекуваме личност со проактивен и професионален пристап, логично и аналитичко размислување, способност за самостојно решавање задачи и ефикасна комуникација со различни тимови (ИТ, бизнис, вендори). Тимска ориентација и прилагодливост кон различни технологии и работни процеси се клучни за успех во оваа улога.

## Што да очекувате во првите месеци:

Ќе се запознаете со интерните процеси за анализа, развој и имплементација на промени во банкарскиот софтвер. Ќе работите со SQL Server, T-SQL, и банкарски софтвер од Asee, како и развој на нови интерни .NET веб решенија. Ќе учествувате во анализа, автоматизација и тестирање на решенија, ќе управувате со задачи преку JIRA, ќе комуницирате со внатрешни корисници и надворешни добавувачи, ќе користите SQL Server Management Studio, Visual Studio, GIT, и ќе работите со различни системски архитектури и други банкарски системи.

**Нудиме:**
- Работа во стабилна и современа банкарска институција
- Учество во стратешки и дигитални проекти
- Континуирана професионална едукација и унапредување
- Поддржувачка и колаборативна работна атмосфера

Испратете го вашето CV на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **09.07.2025 година** со назнака **„Соработник за бизнис и техничка анализа и развој на софтвер“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани.*

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!